РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 15.01.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 1001 | 251/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, по претставка (УПП 0309/1 од 12.01.2024 година)

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 9, 10, 11, 12 и 13 јануари 2024 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јануари 2024 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите).

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 9, 10, 11, 12 и 13 јануари 2024 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања** на **член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 9, 10, 11, 12 и 13 јануари 2024 година, на радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, во емисијата „Радио аукција“, најавите на водителот се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик.

| Наслов | Период на емитување на емисијата | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Радио аукција“ (9.01.2024) | 11:15:10 | 11:52:46 | Во емисијата „Радио аукција“ најавите на водителот се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик. |
| „Радио аукција“ (10.01.2024) | 11:16:17 | 11:53:00 | |
| „Радио аукција“ (11.01.2024) | 11:04:39 | 11:53:57 | |
| „Радио аукција“ (12.01.2024) | 11:11:57 | 11:53:49 | |
| „Радио аукција“ (13.01.2024) | 13:06:28 | 13:59:10 | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, на 9, 10, 11, 12 и 13 јануари 2024 година, во емисијата „Радио аукција“, најавите на водителот се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***